Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 , 05/16 , 142/16 и 11/18 ), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на Општина Битола бр.01-02 од 03.09.2015 год. Секретарот на Општината Битола, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на административен службеник**
**по пат на интерен оглас**

1.За извршител на работите на работно место:
**УПР 0101В04000 Помлад соработник Управување со Е – кат шалтер**
Сектор - за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште, Одделение за спроведување на урбанистички планови **1 извршител**
се избира кандидатот:

**ВИОЛЕТА КОЛОСКА**

2.Административниот службеник ќе биде унапреден на работното место од претходниот став, врз основа на Решение донесено од Секретарот на Општината, а по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

3.Оваа Одлука ќе се објави на веб страницата на Општина Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Општина Битола спроведе постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од став 1 на оваа Одлука, преку објавен интерен оглас бр. 01/2019.

Интерниот оглас беше објавен на веб страната на општина Битола и на страницата на Агенцијата за администрација на ден 31.01.019 г.- Од страна на посебно формирана Комисија со Решение бр. 04-16/7 од 05.02.2019 година, спроведена е административна селекција и извршено е интервју со кандидатот за погоре наведеното работно место, кој воедно беше и единствен кандидат пријавен по интерниот оглас. (Записник бр. 04-16/8 од 06.02.2019 година).

Комисијата по извршеното интервју изготви финална ранг листа на кандидат со предлог , истата ја достави до Секретарот Записник бр.04-16/9 од 06.02.2019 год. врз основа на која листа – предлог Секретарот на општината изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Битола.

Бр. 04-16/10
06.02.2019 год.
Битола

**Секретар**
**на Општината Битола**
**Слободан Најдовски**

Изготвил: Кире Ѓоргиевски